ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:30-271/7

Дата: 24.03.2011

ДО
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Ѓорче Петров за 2009 година.

При ревизијата беа земени во предвид препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година, при што е утврдено дека е постигнат задоволителен напредок во имплементацијата на дадените препораки.

За финансиските извештаи за 2009 година изразивме мислење без резерва а за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Ѓорче Петров изразивме мислење со резерва.

Во Општина Ѓорче Петров на членовите на Советот исплатени се надоместоци во вкупен износ од 1.011 илјади денари кои не се во согласност со законската регулатива: исплаќани се надоместоци во полн износ и кога советниците не присуствувале на седници на советот, за присуство на седници на комисии на советот, за работа на терен и парична награда за добра соработка и успешна реализација на усвоените програми во 2009 година. Исто така и на вработените исплатени се награди во вкупен износ од 990 илјади денари без да се почитува Законот за државни службеници. До спортски клубови, културно уметнички друштва и невладини организации трансферирани се средства во износ од 473 илјади денари без да постојат Програми со утврдени цели и активности, без акт со утврдени критериуми за доделување на средствата, без објавување на оглас за

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

доделување на средства, без програми од барателите и без извештаи за користење на средствата.
Од страна на ревизијата дадени се препораки за надминување на утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи кои се прикажани на страните од 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Ѓорче Петров за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет(637) на Општина Ѓорче Петров за 2006 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Ѓорче Петров под 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, изразено е негативно мислење, и мислење со резерва за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Сокол Митровски, градоначалник во 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (637) на Општина Ѓорче Петров за 2009 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 22.12.2010 до 31.12.2010 и од 03.01.2011 до 18.01.2011 кај Општина Ѓорче Петров од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година. Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година.

## 4. Наоди и препораки

Неправилностите кои се предмет на овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и раководните лица на субјектот на 18.01.2011 година.

На ден 07.03.2011 година, примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, број 29-271/2 од 09.02.2011 година од Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат нови докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот, со исклучок на забелешката на точка 4.1.7. која се прифаќа и наодот дека не е извршена проценка на вредноста на имот доделен со делбениот биланс од 2000 година се брише.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Финансиски извештаи**

4.1.1. Исплатен е надомест за годишен одмор на вработените во општинската администрација во вкупен износ од 650 илјади денари, што не е во согласност со одредбите на член 52 од Законот за државни службеници и член 113 од Законот за работни односи. Бидејќи со Законот за државни службеници се уредува системот на плати и надоместоци на плати на државните службеници, а во членот 52 став 2 каде се пропишани другите надоместоци на кои имаат право државните службеници не е наведен регресот за годишен одмор, произлегува дека исплатата на таков надоместок нема законски основ.
Исплатите на вработените кои немаат законски основ придонесуваат за ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства на Општината.

**Препорака**
Одделението за финансирање, буџет и администрирање на даноци при планирање на надоместоците во Одлуката за извршување на буџетот да постапува согласно законската регулатива.

4.1.2. Од позицијата Основни плати и надоместоци на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров исплатени се средства спротивно на законските одредби во вкупен износ од 1.011 илјади денари. Средствата се исплатени за следното:

- при пресметка на надоместоците на советниците на Советот (до февруари 2009 година), не се врши намалување на месечниот надоместок за 30% поради неприсуство, односно исплатен е надоместокот иако советникот не присуствувал на ниту една седница за конкретниот месец. Исплатени се повеќе 129 илјади денари, поради праксата претседателот на Советот отсуството да го евидентира како оправдано. Ваквиот начин на исплата на надомест на советниците не е во согласност со член 29 точка а и г од Законот за исплата на плати на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката. За советниците од новиот Совет нема вакви исплати;
- со Одлуката за определување на надоместокот за присуство на седници и за патни и дневни трошоци на членовите на Советот од ноември 2007 година, утврден е месечен надомест во износ од 8 илјади денари за трошоци за присуство на седници на комисии на советот, за работа на терен и други трошоци за извршување на задачи во врска со работењето на Советот, по кој основ за три месеци од 2009 година исплатен е износ од 552 илјади денари. Во текот на 2008 година поведена е постапка за испитување на уставноста на донесената одлука, но поради долгиот рок на постапката, како и фактот што мандатот на стариот совет е при крај, во февруари 2009 година Советот (стариот состав) донесува одлука за укинување на горе споменатата одлука. Во меѓу време, Уставниот суд ја укинува одлуката;
- со одлука на Советот од декември 2009 година исплатена е парична награда

во износ од 330 илјади денари за советниците за добра соработка и успешна реализација на усвоените програми во 2009 година. Одлуката се повикува на член 16 од Статутот на општината (надлежности на советот) и не е во согласност со членовите 29-а до 29-д од Законот за исплата на плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ каде е предвиден само месечен надомест за присуство на седници.

Исплатите кои немаат законски основ придонесуваат за ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства на Општината.

4.1.3. Од Тековната резерва исплатени се средства во вкупен износ од 476 илјади денари и тоа:

- еднократна парична помош за лекувања по поединечни барања од физички лица во вкупен износ од 161 илјади денари;
- на здруженија на граѓани во износ од 55 илјада денари, и
- за верски објекти во износ 260 илјада денари.

Согласно член 48 и член 11 од Закон за буџетите одобрените средства од тековни резерви, се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни. За овие исплати Општината треба да планира средства во Буџетот врз основа на изготвени програми во сферата на социјална заштита. Непостоењето на програми и акти со јасно утврдени критериуми за доделување на средства создава можност од субјективност во одлучувањето, нетранспарентност, незаконско и ненаменско користење на средствата.

Советот на Општина Ѓорче Петров нема донесено Програма од обласга на социјалната заштита за 2009 година согласно член 11 од Законот за социјална заштита, во која ќе бидат дефинирани целите, мерките, активностите, приоритетите и политиките на социјалната заштита.

**Препорака:**

Средствата од Тековната резерва да се користат согласно законските одредби и Советот на Општината да донесе Програма од област на социјална заштита во која ќе бидат дефинирани целите, мерките, активностите, приоритетите и политиките кои ќе се применуваат, со јасно дефинирани критериуми за доделување на социјална помош на лица или семејства.

4.1.4. Од позицијата Трансфери до невладини организации исплатени се средства на спортски клубови, културно уметнички друштва и невладини организации вкупен износ од 473 илјади денари, врз основа на решенија донесени од страна на Советот или градоначалникот, без да постојат Програми со утврдени цели и активности, донесени од страна Советот на Општината и без акт со утврдени критериуми за доделување на средствата, што не е во согласност со член 61 став 5 од Законот за здруженијата на граѓани и фондации и член 8 од Законот за локална

самоуправа. Доделувањето на средствата е извршено и без да има јавен повик, без да се усвојат Програми на друштвата и здруженијата од страна на Советот како и за користењето на сдредствата не се доставени извештаи од соодветните корисници.
Ваквиот начин на доделување на средства создава можност за субјективност во одлучувањето, нетранспарентност и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
- Градоначалникот на општината да обезбеди транспарентност при доделувањето на средствата, и
- Советот на Општина Ѓорче Петров да донесе Програми со утврдени цели и активности согласно Законот за друштва и здруженија.

4.1.5. Во текот на 2009 година по договор на дело исплатен е износ од 829 илјади денари, за вработени лица за обезбедување на територијата на општината. За таа цел има вработени лица во редовен работен однос и ангажирани преку Агенција за обезбедување. Ангажирањето на лица по договор за дело не е во согласност со општите одредби за договор за дело, односно членот 619 од Законот за облигациони односи предвидува ангажирање на лице по основ на договор на дело за вршење на определена работа еднократно. Ангажирањето на лица по основ на договор за дело ја спречува транспарентноста и конкуренцијата при вработувањето, овозможува ангажирање на лица без почитување на законски утврдените процедури, субјективизам при приемот, непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во сметководството и Билансот на приходи и расходи за 2009 година.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината согласно потребите и можностите да врши вработувања на потребен број на лица согласно Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација, почитувајќи ги Законот за државни службеници и Законот за работни односи.

4.1.6. Од позицијата Разни трансфери со Одлука од градоначалникот исплатени се награди во вкупен износ од 990 илјади денари на вработените во општинската администрација на Општина Ѓорче Петров, кои исплати не се во согласност со член 61 од Законот за државни службеници, член 2 и член 4 став 2 од Упатството за поблиски критериуми за доделување парична награда на државните службеници. Државниот службеник може да биде награден повеќе пати во текот на годината врз основа на оценување, на предлог на непосредниот раководител врз основа на критериуми утврдени во Упатството, а не и наградување без извршено оценување.
Непочитувањето за законската регулатива во делот на исплатите на платите и надоместоци, придонесува за ненаменско трошење на средствата и зголемени расходи.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице е должен наградувањето на државните службеници да го изврши согласно Законот за државните службеници и Упатството за поблиските критериуми за доделување парична награда на државните службеници.

**4.2. Користење на средствата согласно законските прописи**

4.2.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во 2008 и 2009 година во Општина Ѓорче Петров, кои имаат влијание на финансиските извештаи за 2009 година, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки во делот на заедничките одредби за постапките за доделување на договор за јавни набавки.
При спроведување на постапките за доделување на договор за јавна набавка кај дел од Отворените постапки се користи критериумот економски најповолна понуда со елементите: цена, начин и рок на плаќање, квалитет и рок на извршување на работите. Пресметување на бодови има за елементот цена, начин и рок на плаќање, рок на извршување на работите, но не и за елементот квалитет.
Во тендерската документација нема прецизно објаснување како ќе се вреднува и применува елементот квалитет, што не е во согласност со член 161 став 2, 3 и 4 од Законот и член 3 од Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови. Во тендерската документација појаснувањето е следно: бодовите за квалитет се пресметуваат со собирање на бодовите врз основа на: техничка опременост, поседување соодветна опрема, машини и стручен кадар, соодветни атести, референтна листа, препораки за извршена работа, каталози и слично, без да се наведе за кој поделемент колку бодови се дава од максимално предвидените, така да бодирањето се прави паушално.
Елементот рок на плаќање јасно не е дефиниран во тендерската документација па така од страна на економските оператори во понудата обично се дава одложен рок на плаќање со формулација „до или од: x /денови или месеци„ што не е доволно прецизно да се изврши правилна евалуација и не е во согласност со член 32 став 2 алинеја 6 од Законот.

4.2.2. Дел од спроведените постапки во 2008 и 2009 година се спроведени спротивно на член 28 став 2 од Законот за јавни набавки. Со Одлуката за јавна набавка е утврдена проценетата вредност под претпоставка дека е утврдена врз база на планирани количини на набавката но не и во тендерската документација. Имено во образецот „Содржина на понудата„ цената за поединечни работи по позиции е дефинирана за количина еден, и на овој начин се добива нереална вредност за која треба да се додели договорот за јавна набавка. Вака утврдениот образец не дава можност за реално евалуирање на понудите, бидејќи вредноста на поединечните

работи не е реална за вкупно потребната количина на набавката. На овој начин спроведени се постапки со Отворена постапка и склучени договори за: тековно одржување на уличното осветлување на територијата на општина Ѓорче Петров за 2008 и 2009 година, расчистување на диви депонии и извршување на други комунални дејности, услуги за изградба и реконструкција на објекти за спорт и рекреација, набавка на прехранбени производи и пијалоци, набавка на канцелариски материјали и одржување на службени возила и набавка на резервни делови.

**Препорака:**

При донесување на Одлуката за јавна набавка да се почитуваат во целост одредбите од Законот за јавни набавки а во функција на обезбедување, конкуренција, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и интегритет и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за јавни набавки.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката основен буџет (637) на Општина Ѓорче Петров на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката основен буџет (637) на Општина Ѓорче Петров, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 21.03. 2011 година

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 203.005 | 127.448 |
| **Вкупно приходи** | | **203.005** | **127.448** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 28.283 | 28.172 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 651 | 888 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 54.368 | 48.732 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | | 26 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 6.646 | 1.148 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **89.948** | **78.966** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 113.057 | 48.482 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **113.057** | **48.482** |
| **Вкупно расходи** | | **203.005** | **127.448** |

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 64 | 64 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 37 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 5.798 | 4.680 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5.899** | **4.744** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 8.095 | 4.607 |
| **Вкупно постојани средства** | | **8.095** | **4.607** |
| **Вкупна актива** | | 13.994 | 9.351 |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 3.635 | 2.507 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 330 | 422 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 12 | 33 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 1.885 | 1.782 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 37 | |
| **Вкупно тековни обврски** | | **5.899** | **4.744** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 8.095 | 4.607 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **8.095** | **4.607** |
| **Вкупна пасива** | | 13.994 | 9.351 |

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | 4.607 | 4.607 |
| **Зголемување по основ на:** | **4.951** | **4.951** |
| Набавки | 4.951 | 4.951 |
| **Намалување по основ на:** | **1.463** | **1.463** |
| Амортизација | 1.169 | 1.169 |
| Ревалоризација | 294 | 294 |
| **Состојба 31.12.2009 година** | 8.095 | 8.095 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 07.03.2011
Орг. единица
30 271/5

Република Македонија
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ - Скопје
ГРАДОНАЧАЛНИК

ул.Ѓорче Петров б.б. тел./факс 2039-307; 2033-309
www.opstinagpetrov.gov.mk gradonacalnik@ogpetrov.org.mk

Скопје, 07.03.2011
Наш број, 05-357/2

До
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
ул.Македонија 12/3
1000 Скопје

**П р е д м е т: Доставување на забелешки по предмет број 29-271/4 од 09.02.2011 година**

**Почитувани,**

Најнапред сакаме да Ви се заблагодариме на коректно извршената ревизија на финансиските извештаи на Општина Ѓорче Петров за 2009 година и на добронамерните укажувања за пропустите направени во текот на нашето работење .

Што се однесува до препораките по дел од нив е постапено веднаш, а за дел превземени се активности за нивно целосно прифаќање.

По доставувањето на претходните ревизиски извештаи за 2009 година од Ваша страна, Општина Ѓорче Петров во најголем дел ги прифаќа укажувањата за констатираните неправилности, а за дел од нив ги има следните:

**З А Б Е Л Е Ш К И**

Нацрт **Извештај на Основен Буџетот (637) 2009 2010 04 13/2**

**точка 4.1. Финансиски извештаи**

во **точка 4.1.1.**, не се согласуваме со забелешката, дека е исплатен надоместок за годишен одмор што не е во согласност со законските прописи, каде се наведени Законот за државни службеници и Законот за работни односи.Меѓутоа овој тип на надоместок е дефиниран во член 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија (Сл.весник на Р.М. бр.70/94), како и надоместокот за отпремнина за одење во пензија.Овие два вида на надоместок се дефинирани како право и во Одлуката за извршување на буџетот, која се доставува во

Министество за финансии, Сектор Буџет, од каде пак не сме имале забелешки, бидејќи истата е во согласност со законската регулатива.

во **точка 4.1.7.,** не се согласуваме со констатацијата дека не е извршена проценка на вредноста на имотот доделен со делбениот биланс од 2000 година.Оваа препорака општина Ѓорче Петров ја имаше и во Ревизорскиот извештај за 2006 година, па поради тоа веднаш постапи по препораките.Градоначалникот формираше комисија, која утврди пазарна вредност на имотот доделен со делбениот билас од 2000 година и таа утврдена вредност ја внесе вонбилансно во својата евиденција, што се гледа и од финансовите картици од група 99.

Овие објекти не се внесени во катастарската евиденција и за нив се немаат имотни листови, па поради тоа општината не е во состојба да ги внесе во билансната евиденција во група 0 (основни средста).

**точка 4.2.Користење на средства согласно законските прописи**

во точка 4.2.1. не се согласуваме , дека општина Ѓорче Петров не ги применува одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти во делот на заедничките одредби за постапките за доделување на договори за јавни набавки, односно дека нема прецизно објаснување, согласно член 161 став 2, 3 и 4 од Законот и член 3 од Методологијата за изразување на критериумите во бодови, при вреднување и применување на елементот квалитет.Нашето несогласување во однос на овој критериум е поради тоа што при изготвување на тендерските документации во целост се почитуваат став 2 и став 3 од член 161 од Законот за јавни набавки. Исто така се почитува и одредбата од став 4 од истиот член при што за елементот квалитет најчесто во тендерската документација сме барале референтна листа и потврди за завршени работи, услуги или испорачани стоки соодветни на предметот на набавката. Потврдите кои се бараат се во поткрепа на референтната листа и затоа не се поделени бодовите посебно за референтна листа, посебно за потврда. Но, и да се поделат бодовите по поделементи за овој критериум, не може да се избегне субјективизмот, бидејќи во Законот нема утврдена формула за точно пресметување на бодовите. Член 3 од Методологијата за изразување на критериумите во бодови во потполност се почитува при изготвување на тендерските документации и одговорно тврдиме дека Одлуките за јавни набавки се донесуваат со почитување во целост на одредбите од Законот за јавни набавки.

**Нацрт Извештај на сметка на приходи на буџет на дотации (930) 2009 2010 04 13/3**

**во точка 3.1. Неправилна примена на акти**

во Точка 3.1.1. не се согласуваме со забелешката за неправилна примена на акти.Покрај тоа што е констатирано нецелосно

искористување на средства од корисниците на блок дотации, неспорно е дека износот од 998.000,00 денари е дотиран на 31.12.2009 година, што значи и да сме имале пишани критериуми не сме биле во можност да ги распределиме истите на корисниците.Сметаме дека и покрај тоа што немаме пишани критериуми распределбата ја вршиме реално и во согласност и договор со буџетските корисници. Во текот на 2011 година општина Ѓорче Петров планира да утврди критериуми за распределба на блок дотацијата по корисници.

**Сметаме дека овие забелешки не треба да стојат во Конечниот извештај.**

Ви благодариме на соработката.

**Со почит.**

**Прилог:**
- Копија од Извештај за проценка на недвижен имот бр. 03-1391/5 од 02.12.2008
- аналитички финансови картици за вонбилансна евиденција за 2008 и 2009 г.
- синтетички бруто биланс 2009 г.
- Закон за исплата на платите во Р.М. и негови измени

**Изработил:**
Драгица Тодоровска
Бошко Стојанов
Бранкица Гацова

**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Општина Ѓорче Петров

**ПРИЛОГ 2**

ОДГОВОР
на забелешки по констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Општина Ѓорче Петров

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на Општина Ѓорче Петров за 2009 година на – Сметка на основен буџет (637), добиени се забелешки од градоначалникот на општината, под број 05-357/2 од 07.03.2011 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 30-271/5 од 07.03.2011 година.

Забелешките се доставени во законски утврдениот рок.

Забелешките се однесуваат на наодите од точките: 4.1.1., 4.1.7. и 4.2.1.. Истите се разгледани и е утврдено следното:

Забелешката на наодот од **точка 4.1.1.** која се однесува за исплатата на надомест за годишен одмор, **не се прифаќа,** од следните причини. Законот за државните службеници, ги уредува статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници. Исто така, Законот во посебен дел го уредува и системот на плати и надоместоци, во кој дел не е утврдено правото на регрес за годишен одмор за државните службеници. Во Одлуката за извршување на буџетот, Општината е должна да ја пропише висината на надоместоците предвидени со член 52 став 2 од Законот за државни службеници. Во Законот за работни односи во кој се одредени работните односи меѓу работниците и работодавачите, правото на регрес не е утврдено. Со Законот за исплата на платите во Република Македонија, утврдена е висината на регресот за годишен одмор а правото се утврдува со Колективните договори. Со членот 96 од Законот за Државни службеници, е уредено дека: со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува примената на одредбите на колективните договори по прашањата кои се уредени со овој закон. Со Законот за државните службеници се уредува системот на плати и надоместоци на плати за државните службеници, а во членот 52, став 2 каде се утврдени другите надоместоци на кои имаат право државните службеници не е пропишан регресот за годишен одмор.
Со оглед дека на ревизијата не и се доставени дополнителни релевантни докази констатациите од Нацрт извештајот остануваат и во Конечниот извештај.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

Забелешката на наодот од **точка 4.1.7.** која се однесува дека Материјалните средства во Билансот на состојба се нереални и необјективни поради не извршена проценка на вредноста на имот доделен со делбениот биланс од 2000 година, и необезбедени имотни листови, **се прифаќа,** поради тоа што дополнително се доставени докази за извршената проценка на имотот на општината, утврдена е пазарната вредност на имотот и истиот е евидентиран вонбилансно. Поради необезбедени имотни листови не е евидентиран на сметката Материјални средства. Констатацијата од точка 4.1.7. од Нацрт извештајот не е дел од констатациите изнесени во Конечниот извештај.

Забелешката на наодот од **точка 4.2.1.** која се однесува на тоа дека општината не ги применува одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки во делот на заедничките одредби за постапките за доделување на договор за јавни набавки, односно дека нема прецизно објаснување согласно член 161 став 2,3 и 4 од Законот и член 3 од Методологијата за изразување на критериумите во бодови при вреднување на елементот квалитет, **не се прифаќа,** бидејќи не се доставени нови докази кои би влијаеле на промена на констатациите на ревизорот изнесени во Нацрт извештајот. Своето постапување субјектот го објаснува во правец дека не се поделени бодовите по поделементи за критериумот квалитет бидејќи нема утврдена формула за точно пресметување на бодовите поради што не може да се избегне субјективизмот.

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
ОСВРТ НА РЕВИЗИЈАТА ОД ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ – СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ

**Преглед 3**

**Резултати**

**од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Општина Ѓорче Петров на сметката на основен буџет (637)**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **11.1** | **Систем на интерни контроли во процесите** | | | |
| 11.1.1. | При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека и покрај јасно дефинираната организациона структура и соодветното разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените согласно актот за систематизација и функционирањето на воспоставените контроли во овој процес, постои ризик од непостоење пишани процедури во делот движење на документацијата, уредно ликвидирање и навремено евидентирање на истата, како и во отсуство на пишани процедури за движење на | Градоначалникот како одговорно лице да превземе активности за донесување на пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање, контролата и движењето на | спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | документацијата и евидентирање на залихите за материјалите кои ги набавува и користи општина Ѓорче Петров. | сметководствените документи, како и воведување на материјална евиденција за набавката и употребата на материјалите. | | |
| 11.1.2. | При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на јавни набавки ревизијата утврди дека и покрај запазување на постапките за јавни набавки предвидени со Законот, постои ризик од необезбедување на транспарентност, поради следново:<br>• не е донесен Правилник за набавки од мала вредност;<br>• планот за јавни набавки не ги содржи вкупните набавки на добра, услуги и работи планирани за 2006 година;<br>• во одредени случаи не е извршен правилен избор на видот на постапката за јавна набавка во зависност од предметот на набавка;<br>• во одлуката за набавки од мала вредност често не се наведуваат количините на добрата, услуги и работи кои ќе се набавуваат. | Во функција на начелото на транспарентно работење, Градоначалникот како одговорно лице да создаде услови да се изгради систем кај јавните набавки кој ќе функционира согласно постојната законска регулатива. | спроведена | Состојбите се надминати со новото законско решение |
| 11.2. | **Неправилна примена на акти** | | | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.2.1. | Спротивно на член 16 од Одлуката за извршување на буџетот на општина Ѓорче Петров, средствата од тековната резерва, а кои се доделувани за еднократна финансиска помош за физички лица, не се трошени врз основа на одлуката на советот, туку врз основа на поединечни решенија донесени од градоначалникот. Во услови на колизија на законските прописи во 2006 година, кои го регулираат користењето на средствата од тековната резерва, и неизградени критериуми од страна на администрацијата на општината, непочитувањето на интерните актите придонесува за субјективно одлучување во користењето на средствата на општината. Советот на општината го има разгледувано и усвоено Извештајот за трошење на средствата од резервите, изготвен од општинската администрација. | Градоначалникот како одговорно лице е должен да создаде услови за почитување на актите усвоени од Советот согласно постојната законска регулатива. | Не спроведена | |
| 11.2.3. | Општина Ѓорче Петров во септември 2005 година има набавено патничко моторно возило со долгорочно задолжување кај Еуро Лизинг ДООЕЛ Скопје (3 години). Задолжувањето на општината е направено спротивно со одредбите од членовите 20 и | При долгорочно задолжување на општината да се обезбеди целосна примена на Законот за | спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 50 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, односно без согласност од Советот на општината, без спроведена јавна расправа и без согласност на Министерството за финасии. Надлежните лица во општината не го доставиле договорот за лизинг и амортизациониот план до Министерството за финансии.<br>Непочитувањето на законските одредби создава можности за субјективно одлучување на одговорните лица при утврдување на намените и целите на долгорочното задолжување на општината, без можност за учество во процедурата од страна на надлежните органи и незаконско задолжување на општината. | финансирање на единиците на локалната самоуправа со јасно разграничување на надлежностите на Градоначалникот и Советот. | | |
| **11.3.** | **Неправилна примена на сметководствени политики и начела** | | | |
| 11.3.1. | Евидентирањето на набавките и давањето во употреба на ситниот инвентар не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради тоа што:<br>- не е пропишана сметководствена политика за вреднување и евидентирање на ситниот инвентар;<br>- поради неевидентирање на набавките на ситен | Да се изврши реверсно задолжување на лицата со ситниот инвентар и алатот кој им е даден на користење.<br>- Одделението за сметководство да | Делумно спроведена | Субјектот:<br>- ситниот инвентар и алат се издаваат на реверс,<br>- не се води материјално сметководство |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | инвентар до 2006 година службите на општина Ѓорче Петров не располагаат со податоци за вредноста на ситниот инвентар во употреба;<br>- не се изготвуваат реверси за задолжување на вработените со ситен инвентар поради што се нема увид во бројната состојба на алатот и ситниот инвентар со кој располага општината како и фунционалноста на истиот.<br>- по спроведениот попис за канцеларискиот ситен инвентар не се изготвени пописни листи што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.<br>Недоследната примена на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници придонесува за нереално проценување на билансните позиции. | врши евидентирање на ситниот инвентар и материјалите, согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. | | |
| **11.4.** | **Неправилности во искажувањето на приходите/расходите** | | | |
| 11.4.2. | Донесена е Одлука за утврдување надоместоци за присуство на седници и за патни и дневни трошоци за членовите на Советот на општина Ѓорче Петров, Одлука за изменување и дополнување на истата и Решение за определување на надоместокот на | Градоначалникот како одговорно лице да превземе активности за враќање на незаконски | делумно спроведена | Субјектот: не се преземени активности од страна на градоначалникот за враќање на незаконски исплатените средства поради отпор на членовите на Советот |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________
*2.* ______________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Претседателот на Советот на Општина Ѓорче Петров, со кои покрај законски утврдениот надомест, за Претседателот на Советот и советниците се утврдени следниве надоместоци:<br>- месечен надомест на Претседателот за извршување на работните задачи;<br>- месечен надомест за патни трошоци;<br>- месечен надомест за присуство на седници на постојаните и привремените комисии на Советот;<br>- месечен надомест за присуство на Претседателите на постојаните и привремените комисии на седници на комисиите;<br>- месечен надомест за трошоци за работа на терен, за контакти со граѓани и институции, за посета на определени објекти во населените места и други задачи;<br>- надомест за присуство при склучување на бракови.<br>Поради неусогласеност на горе наведените одлуки и решение со член 45 и 100 од Законот за локалната самоуправа, ревизијата утврди незаконски потрошени средства во вкупен износ од 3,910 илјади денари. | исплатените средства.<br>- Советот да донесе Одлука со која висината на надоместоците ќе биде согласно Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица. | | Ревизија: висината на надоместоците на членовите на Советот е согласно законските одредби |
| 11.4.3. | Од увидот на документацијата за направените расходи при патувањата во странство, ревизијата го констатира следново: | Градоначалникот како одговорно лице да превземе мерки | делумно спроведена | Субјектот: не се преземени активности од страна на градоначалникот за враќање на незаконски исплатените средства |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - Во одлуките за патувања во странство за градоначалникот и членовите на Советот, донесени од претседателот на комисијата за мандатни и имунитетни прашања не се дефинирани трошоците што се признаваат за време на патувањето;<br>- Во решенијата донесени од градоначалникот за патувања на вработените во странство, не се дефинирани трошоците што ќе се признаваат за време на патувањето;<br>- За дел од патувањата во странство, исплатата на дневниците се врши во износи повисоки од утврдените со Решението за највисоки износи на дневниците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управата им се признаваат во тековни трошоци поради што незаконски се потрошени 109 илјади денари;<br>- При патувањата во странство направени се дополнителни расходи што е спротивно на одредбите од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во | да се вратат незаконски повеќе исплатените дневници за патувањата во странство;<br>- Во актите за патување во странство да се дефинираат трошоците кои ќе бидат на терет на општината, применувајќи ги одредбите од Уредбата. | | поради отпор на членовите на Советот<br><br>Ревизија: во решенијата и одлуките за службено патување во странство дефинирано е кои трошоци се признаваат |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ___________________________

*2.* ___________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | тековни трошоци за што незаконски се потрошени 167 илјади денари.<br>Признавањето на расходи спротивно на одредбите од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци придонесува за зголемени расходи и незаконско трошење на средствата. | | | |
| 11.4.4. | Од средствата на општина Ѓорче Петров исплатени се 123 илјади денари по основ на колективно осигурување на вработените, што е спротивно на Законот за работни односи, и има за ефект незаконско трошење на средствата што претставуваат јавни расходи на општината. | Личното осигурување на вработените да се надоместува од нето платите на истите. | спроведена | |
| 11.4.5. | Општина Ѓорче Петров има ангажирано лица за извршување на работи со кои има склучено договори за дело што е спротивно на Законот за работни односи. Во периодот од 23 април 2006 година до крајот на 2006 година исплатени се 2,197 илјади денари за кои е пресметан и платен персонален данок на доход. За времено ангажираните лица, надлежните во општината, почнувајќи од 23 април 2006 година биле должни да постапат согласно Законот за | Ангажирањето на лица за слободните работни места да се врши во согласност со Законот за работни односи, според кој не е дозволено вработување на лица по договор на дело | неспроведен<br>а | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | агенциите за привремени вработувања со што ангажирањето на овие лица ќе го усогласат со истиот. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во сметководството и Билансот на приходи и расходи за 2006 година. | | | |
| 11.4.6. | Ревизијата не се убеди во објективноста на дел од расходите на ставката Други тековни расходи за износ од 427 илјади денари направени по основ на фактури и сметкопотврди за угостителски услуги од кои не е можно да се утврди:<br>- за кого е услугата (гости од странство или домашни гости од други градови, институции),<br>- кој е корисник на услугата од општината и по кој повод истата е извршена.<br>Општина Ѓорче Петров нема акт со кој се регулира правото на користење на угостителски услуги во земјата и во странство, кој може да биде корисник на ваква услуга и во кои услови (протоколарни и официјални посети на домашни и странски гости, работни средби и слично) | Градоначалникот како одговорно лице да иницира постапка за донесување интерен акт заради дефенирање на овластеното лице, висината на репрезентацијата и во кои случаи актот ќе се применува | не е спроведена | |
| 11.5. | **Неправилности во искажувањето на** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **позициите во Билансот на состојба** | | | |
| 11.5.1. | Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на проценетата вредност на позицијата Материјални средства поради тоа што службите во општина Ѓорче Петров немаат извршено евидентирање на имотот добиен согласно Решението број 23-257/47 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Ѓорче Петров врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија.<br>За имотот со кој располага и е нејзина сопственост, покрената е постапка за обезбедување имотни листи од Државниот завод за геодетски работи Одделение за премер и катастар, Скопје. | До обезбедување имотни листи за имотот добиен со решението од Влада на Република Македонија, да се изврши проценка на имотот согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот а службите да извршат вонбилансно евидентирање на истиот. | спроведена | |
| 11.5.2. | Во сметководството на општина Ѓорче Петров не се евидентирани вложувањата во материјални средства (улици, патишта, колектор, и други комунални објекти). Во текот на 2006 година, извршено е вложување и реконструкција во вкупен износ од 21.114 илјади денари кои не се евидентирани како зголемување на вредноста | Да се пропише сметководствена политика за евидентирање на капиталните вложувања на соодветните конта за материјалните и | спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на истите и истовремено зголемување на Државниот - јавен капитал. Ваквото постапување е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално искажани состојби на средствата и изворите на средства во финансиските извештаи. | нематеријалните средства и државниот- јавен капитал. | | |
| 11.5.3. | Позициите Обврски спрема државата и други институции и Активни временски разграничувања во Билансот на состојба на 31 декември 2006 година се помалку искажани во поединечен износ од 70 илјади денари. Ова се должи на непресметан и не платен персонален данок на исплати во вкупен износ од 671 илјада денари кои подлежат на одредбите од Законот за персонален данок на доход. (Прилог бр.1) Причина за ваквата состојба е непочитување на Законот за персонален данок на доход | Општинската администрација во секторот за финансии доследно да ги почитува одредбите од Законот за персонален данок на доход и да го пресмета и плати непресметаниот и неплатен персонален данок квантифициран во наодот. | спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
1. ___________________________
2. ___________________________ ______________________